ПРАВИЛНИК
ЗА ВНАТРЕШНИТЕ ОДНОСИ НА АКАДЕМСКИТЕ ОРГАНИ НА ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ И ЕДИНИЦИТЕ ВО НЕГОВИОТ СОСТАВ

Скопје, 27.06.2024 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-596/1
27.06 2024 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18) и член 72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на **130-та седница** одржана на ден **27.06.2024 година**, го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на
ПРАВИЛНИК
ЗА ВНАТРЕШНИТЕ ОДНОСИ НА АКАДЕМСКИТЕ ОРГАНИ НА ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ И ЕДИНИЦИТЕ ВО НЕГОВИОТ СОСТАВ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој правилник се уредуваат внатрешните односи и работењето на академските органи на Европски Универзитет Скопје (во натамошниот текст: универзитетот) и единиците во негов состав.

За прашањата коишто не се регулирани со овој правилник се применуваат одредбите од Законот за високото образование, статутот и другите акти на универзитетот.

Академските органи на универзитетот

Член 2

Академски органи на универзитетот се: универзитетскиот сенат, ректор, ректорска управа, проректори.

II. УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ

Положба и состав

Член 3

Универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: сенатот) е орган на управување и стручен орган.

Работата на сенатот се уредува со деловник.

Член 4

Сенатот е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат претставници од единиците на универзитетот и од универзитетскиот студентско собрание (10-15% од членовите на денатот).

Број на членови на сенатот по факултети:

Факултет за дентална медицина- 2;

Факултет за економски науки - 2;

Факултет за арт и дизајн - 2;

Факултет за информатика - 1;

Факултет за детективи и криминалистика - 1;

Факултет за правни науки - 1.

За промена на бројот на членовите на сенатот, како преставници на факултетите, одлучува Наставно-научниот совет на факултетот, по претходно мислење на ректорот.

Претставниците на факултетите се од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите и се избираат со тајно гласање на наставно-научниот совет на факултетот.

Ректорот и проректорите се членови на сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.

На седниците на сенатот може да присуствуваат деканите, генералниот секретар и членовите на управниот одбор, без право на глас.

Свикувањето и работата на сенатот поблиску се уредуваат деловникот во согласност со статутот на универзитетот.

Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на сенатот

Член 5

Член на сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на универзитетот во моментот на изборот.

За член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на универзитетот.

Членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.

По исклучок од ставот (3) на овој член, универзитетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во сенатот со тајно гласање, за време од една година без право на реизбор.

Во сенатот секоја единица на универзитетот има најмалку по еден, а најмногу два претставници.

Ректорот и проректорите се членови на сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.

Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од членовите на сенатот.

Претседателот на сенатот ги свикува седниците на сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на сенатот.

Претседателот на сенатот свикува седница на сенатот најмалку еднаш месечно.

Претседателот на сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на сенатот или на барање на ректорот да свика седница на сенатот.

Доколку претседателот на сенатот не постапи согласно со одредбите од ставовите (3) и (4) на овој член, ректорот ја свикува седницата на сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на сенатот, седниците на Сенатот ги води член на сенатот согласно со статутот на универзитетот.

Текот на седницата на сенатот, прифатените ставови и донесените одлуки се регистрираат во записник.

Претседателот ги формулира одлуките и заклучоците пред да се пристапи на гласање за нивно усвојување.

Записникот од седницата на сенатот се усвојува како прва точка на дневниот ред на наредната седница и го потпишува претседателот.

Сенатот по правило прифаќа одлуки со јавно гласање, доколку со овој статут не е предвидено тајно гласање. Другите прашања од работењето на сенатот се утврдуваат со деловник за работа.

Одлуките стапуваат на сила со денот на донесувањето.

Свикувањето и работата на сенатот поблиску се уредува со деловникот во согласност со статутот на универзитетот.

Надлежност на сенатот

Член 6

Сенатот на универзитетот:

1. донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав,

2.одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност,

3. ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи и на научните институти во негов состав кои вршат високообразовна дејност согласно со Законот за високото образование,

4. ги предлага до Националниот совет за високо образование основите врз кои се определува школарината за студирање,

5.одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва,

6. одлучува за статусни промени во согласност со Законот за високото образование,

7. утврдува мислење за престанокот на потребата од постоење на определени единици на универзитетот и за нивното трансформирање,

8. донесува годишна и тригодишна програма за развој и работа на универзитетот,

9. дава мислење и поднесува предлози на Програмата за високообразовна дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав,
10. дава мислење и поднесува предлози на националната програма за научно-истражувачката дејност на Република Северна Македонија,
11. го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот, поднесен од ректорот,
12. усвојува годишен финансиски план на универзитетот,
13. донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на универзитетот,
14. донесува програма за инвестиции на универзитетот,
15. одлучува по жалба против одлуката по приговор од лицето кое не е избрано ниту во постојното во звање, согласно член 165 од Законот за високото образование,
16. одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус,
17. избира универзитетска изборна комисија,
18. решава за потврдување на суспензијата на декан, односно директор на единицата на универзитетот,
19.го потврдува изборот на декан, односно директор на единиците на универзитетот,
20. дава мислење на националниот совет за високо образование по нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност,
21. донесува правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно- стручни, научни, наставни и соработнички звања,
22. донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии,
23. донесува правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот,
24. донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома,
25. донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот,
26. донесува правилник за организирање на издавачката дејност и одлучува за издавачката дејност,
27. донесува програма за меѓународна соработка,
28. ги утврдува работните обврски на вработените и утврдува принципи за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност,
29. на предлог на ректорот избира и разрешува генерален секретар на универзитетот,
30. формира комисија за самоевалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови,

31. донесува Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование,
32. донесува деловник за работа на сенатот,
33. презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,
34. избира претседател на сенатот,
35. донесува општ акт за уредување на работата на центарот за кариера на универзитетот,
36. го донесува општиот акт од член 150 став (2) на Законот за високото образование со кој се утврдуваат условите за упис на студиски програми за лицата кои не завршиле еднакво образование во странство,
37. го донесува општиот акт од член 154 став (4) на Законот за високото образование со кој се пропишуваат можните начини на проверка на знаењето на студентите,
38. избира вршител на должноста ректор согласно со Законот за високото образование,
39. од редот на редовните професори на универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција,
40. донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција,
41. на предлог на универзитетското студентско собрание, избира студентски правобранител,
42. донесува програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување пристап до високото образование на лицата со попреченост и
43. врши други работи утврдени со статутот на универзитетот.

Начин на одлучување на сенатот

Член 7

Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со Законот за високото образование не е поинаку предвидено.

За изборот на органите на универзитетот и избор на претседател на сенатот, сенатот може да одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на сенатот, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

Претседател на сенатот

Член 8

Претседателот на сенатот се избира од редот на сенаторите, со тајно гласање, за период од една година, со право на уште еден избор.

Претседателот на сенатот ги свикува седниците на сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на сенатот.

Претседателот на сенатот свикува седница на сенатот најмалку еднаш месечно.

Претседателот на сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на сенатот, или на барање на ректорот да свика седница на сенат.

Доколку претседателот на сенатот не постапи согласно со одредбите од ставовите (3) и (4) на овој член, ректорот ја свикува седницата на сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на сенатот, седниците на Сенатот ги води член на сенатот, согласно со статутот на универзитетот.

Претседателот на сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на сенатот.

Претседателот на сенатот се избира од редот на членовите на сенатот со тајно гласање. Кворум за вршење избор е присуство на 2/3 од вкупниот број на сенатори. Право на глас и право да биде избран има секој сенатор. Гласањето се врши преку гласачки ливчиња на седница на сенатот, со заокружување на реден број пред името и презимето на сенаторот. Гласачките ливчиња се стават преклопени во затворена кутија која после гласањето се отвора и јавно се пребројуваат гласовите.

Сенаторот кој освоил мнозинство од гласовите од присутните сенатори, се смета за избран претседател на сенат.

Вршењето на должноста претседател на сенат е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Член 9

Постапката за избор на членови на сенатот започнува најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот сенат.

Постапката ја поведува претседателот на сенатот, кој ја свикува и конститутивната седница на новиот сенат.

Престанок на мандат на член на Сенатот

Член 10

На член на сенатот му престанува мандатот:

1. ако го отповика единицата што го избрала на начин и постапка како за неговиот избор;
2. ако му престане работниот однос;
3. ако му мирува работниот однос;
4. по негово барање
5. во други случаи утврдени со закон, овој статут и актите на универзитетот.

Начин на работа

Член 11

Сенатот работите од својата надлежност ги врши во согласностсо закон и статут и овој правилник.

За уредување на работите од својата надлежност, сенатот донесува одлуки, правилници, упатства и заклучоци.

Член 12

Сенатот ги врши работите од својата надлежност на седници. Седниците се јавни.

Сенатот може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и сл.

Сенатот заседава по потреба, во согласност со програмата за својата работа.

Заради проучување на прашања од својата надлежност, сенатот може да формира повремени работни тела.

При формирањето се води сметка за застапеноста на претставници од различни наставно-научни области.

Начинот на работата, правата и обврските на членовите на комисиите и телата се утврдуваат со актот за нивното формирање.

III. РЕКТОР И ПРОРЕКТОРИ

Ректор

Член 13

Ректорот е раководен орган на Европски Универзитет Скопје. Надлежностите на ректорот се утврдени со закон, статут и овој правилник.

Ректорот го претставува и застапува универзитетот во земјата и странство.

Ректорот се избира од редот на редовните професори, со објавување на јавен оглас.

Ректорот се избира за време од три години, со право на уште на еден избор.

Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори, од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците.

Сенатот формира универзитетска изборна комисија составена од седум сенатори, која:

1. ја цени исполнетоста на условите за избор на ректор и уредноста на пријавата,
2. ја утврдува листата на кандидати на ректор и
3. ги сумира резултатите од гласањето за избор на ректор.

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на универзитетската изборна комисија.

Наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет на единицата избира петчлена комисија која го спроведува гласањето на единицата на универзитетот. Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на процесот на гласање на секоја единица на универзитетот. Гласањето за ректор се спроведува во ист ден во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на универзитетот. По завршувањето на гласањето се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно, се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите. Резултатите од гласањето се испраќаат до универзитетската изборна комисија во рок од два часа од завршувањето на гласањето. Универзитетската изборна

комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на универзитет, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно.

Ректорот ја врши својата должност професионално и своите права од работен однос ги остварува според договор склучен со сенатот и управниот одбор на универзитетот. Со договорот се уредува и обемот на неговиот ангажман на наставник на единицата од која е избран, кој не може да биде повеќе од 30% од работното време.

Член 14

Ректорот во рамките на раководењето со универзитетот:

1. ја усогласува високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност и друга работа на универзитетот;
2. ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот;
3. дава иницијатива за свикување на сенатот;
4. им поднесува на сенатот и на ректорската управа предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност;
5. одлучува за финансиските и материјалните прашања кои не се во надлежност на сенатот на универзитетот;
6. промовира доктори на науки;
7. доделува награди на универзитетот;
8. ги свикува, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на ректорската управа;
9. предлага избор и разрешување на проректор;
10. суспендира декан или директор на единица на универзитет за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот и поставува времен вршител на должност декан, односно директор на единица на универзитетот,
11. предлага избор и разрешување на генерален секретар на универзитетот;
12. назначува времен вршител на должност декан, односно вршител на должност директор на единицата на универзитетот;
13. ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство;
14. дава овластување на проректорите за вршење на дел од своите права и обврски;
15. управува со имотот на јавниот универзитет и се грижи за неговото одржување и
16. врши други работи утврдени со закон, статутот и други општи акти на универзитетот.

Извештај до сенатот

Член 15

Ректорот е должен еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај.

Ако сенатот не го прифати извештајот од ставот (1) на овој член, се поведува постапка за разрешување на ректорот на универзитетот.

Содржината и формата на извештајот од ставот (1) на овој член поблиску се уредуваат со Правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот кој го донесува Националниот совет.

Член 16

За вршење на дел од своите права и обврски, ректорот може да овласти одделни проректори.

Член 17

Ректорот може да формира комисии, односно работни тела или групи од редот на наставниците и другите членови на единиците и придружните членки и стручната и административна служба на универзитетот, како и надворешни лица, за проучување прашања и извршување работи значајни за работата на универзитетот. Комисиите и другите работни тела или групи се должни на ректорот да му поднесат писмен извештај со соодветен предлог.

За формирањето на комисиите и работните тела или групи од претходниот став, одлука донесува ректорот.

Член 18

Ректорот на универзитетот ја координира работата на раководните органи на факултетите и научните институти во неговиот состав во врска со остварувањето на ставовите, одлуките и заклучоците на сенатот и ректорската управа, во врска со остварувањето на улогата, задачите и дејноста на универзитетот утврдени со закон, со овој статут и со актите на универзитетот.

Член 19

Ректорот на универзитетот, по потреба, може да ги свикува деканите и директорите и други одговорни лица, заради разгледување прашања од интерес на единиците или на универзитетот во целина.

Единиците и придружните членки во состав на универзитетот се должни, по барање на ректорот, да го информираат за сите прашања што се од интерес за остварување на целите и задачите на универзитетот и да му овозможат пристап до сите документи од нивното работење.

Одговорност на ректорот зазаконитоста и статутарноста

Член 20

Ректорот се грижи за законитоста и статутарноста на работата на универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за кој смета дека не е во согласност со закон, статут, општ акт или одлука на универзитетот.

Единицата на универзитетот чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до сенатот. Одлуката на сенатот е конечна.

Во согласност со статутот на универзитетот ректорот може за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот да суспендира декан или директор на единица на универзитет и да постави времен вршител на должност декан односно директор на единица на универзитет.

Сенатот во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од суспендирањето на деканот или директорот на единицата, одлучува за суспензијата на деканот односно директорот на единицата на универзитетот од ставот (3) на овој член. Доколку сенатот ја потврди суспензијата, на деканот односно директорот му престанува мандатот со денот на потврдувањето на одлуката за суспензија.

Престанок на мандатот на ректорот

Член 21

Мандатот на ректорот престанува пред истекот на периодот за кој е избран, во еден од следните случаи:

1. ако тоа сам го побара;
2. ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста ректор;
3. ако ги исполни условите за старосна пензија или
4. ако биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот.

По предлог на ректорската управа, ректорот може да биде разрешен од страна на сенатот, пред истекот на неговиот мандат, поради:

- недоличност за вршење на функцијата (нарушување на угледот на универзитетот),
- извршено кривично дело,
- очигледни пропусти во работењето од работите во надлежност,
- пропуштено, ненавремено, несовесно одлучување и работење кое предизвикува штета на универзитетот.

Во случаите на престанок на мандатот на ректорот од ставот (1) на овој член, до изборот на нов ректор, сенатот избира за вршител на должноста ректор еден од проректорите на универзитетот, за период од најмногу шест месеци. Едно лице може да биде избрано за вршител на должноста ректор само еднаш. Доколку ниеден од проректорите не го добие потребното мнозинство, се применува принципот на сениоритет меѓу проректорите, односно функцијата вршител на должност ректор ја врши проректорот

кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно највисокото звање во кое се избрани проректорите за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

Вршителот на должноста ректор ги има сите права и должности на ректорот.

Најдоцна 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста ректор од ставот (2) на овој член, се поведува постапка за избор на ректор.

Вршењето на должноста ректор е неспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Член 22

Ректорот може за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот, за злоупотреба или пречекорување на овластувањата, да суспендира декан или директор на единица и да постави в.д. декан, односно в.д. директор ако:

1. деканот, односно в.д. деканот, како и директорот, односно в.д. директорот не ги спроведува одлуките на органите на универзитетот;
2. не му го прифати извештајот за неговата работа;
3. не запре од извршување акт на органите на единицата, кој е во спротивност со законот, статутот, општите акти на универзитетот и на единицата;
4. ги злоупотреби или ги пречекори овластувањата добиени согласно со статутот;
5. други случаи согласно со закон и со статутот.

За спроведување на постапката за утврдување на случаите од претходниот став на овој член, ректорот формира комисија.

Во постапката учествува и деканот, односно директорот, односно в.д. деканот, односно в.д. директорот.

Ректорот може да суспендира и в.д. декан, односно в.д. директор, под условите утврдени со став 1 на овој член и да постави друго лице за в.д. декан, односно в.д. директор.

Сенатот во рок од 30 дена од суспендирањето на деканот, односно директорот одлучува за одлуката на ректорот од став 1 на овој член. Доколку сенатот ја потврди суспензијата, му дава предлог на ректорот за разрешување на деканот, односно директорот, така што во рок од три месеци се спроведува постапка за избор на декан, односно директор.

Одлука во врска со став 4 од овој член донесува ректорот и таа е конечна.

Против одлуката деканот, односно директорот има право на приговор до сенатот.

Одлуката на сенатот е конечна.

Ако сенатот не ја потврди суспензијата на декан, односно директор, мандатот на деканот, односно директорот продолжува.

Проректори

Член 23

Универзитетот има еден или повеќе проректори кои се избираат од редот на професорите од единиците на универзитетот.

Проректорите се избираат на предлог на ректорот, на следниот начин:

- ректорот распишува интерен оглас за избор;
- кандидатите доставуваат апликации до ректорот;
- ректорот доставува предлог до сенат;
- сенатот го избира проректорот со мнозинство гласови од присутните членови на сенатот.

Проректорите се избираат за период од 3 /три/ години, со право на уште еден избор.

Со писмено овластување од ректорот, проректорите можат да вршат дел од ректорските права и обврски.

Вршењето на должноста проректор е неспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Престанок на функцијата проректорот

Член 24

По предлог на ректорот, сенатот може да разреши проректор од неговата функција, во следните случаи:

- ако неговата работа е спротивна на законот, статутот и другите општи акти на универзитетот,
- поради незадоволителни резултати од неговото работење,
- ако трајно ја загуби деловната способност за вршење на должноста проректор,
- недоличност во вршење на неговата функцијата и нарушување на угледот на универзитетот,
- извршено кривично дело и
- на доставено барање на проректорот за престанок на неговата функција.

IV. РЕКТОРСКА УПРАВА

Состав

Член 25

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на акредитираните научни установи и претставници на студентите.

Со ректорската управа раководи ректорот.

Во работата на ректорската управа учествува и генералниот секретар на универзитетот, без право на одлучување.

Организацијата и начинот на работата на ректорската управа, како и бројот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со деловник за работата на ректорската управа, донесен согласно статутот на универзитетот.

Надлежност на Ректорската управа

Член 26

Ректорската управа:

1. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува сенатот,

2. го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус на јавните универзитети, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија,

3. го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус на приватните универзитети,

4. дава мислење за студиските програми на факултетите, научните институти и високите стручни школи во состав на универзитетот,

5. донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на универзитетот,

6. го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високо образование,

7. утврдува предлог за висината на школарина на студентите и

8. врши и други работи определени со правилникот на универзитетот.

V. ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Статус и основна дејност на единиците

Член 27

Факултет е високообразовна установа која врши високообразовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во студиско и научно-истражувачко подрачје, според студиска програма на една или повеќе сродни и меѓусебно поврзани наставно-научни, односно уметнички или стручни области од прв, втор и трет циклус на студии.

Уметничка академија како факултет е високообразовна установа која врши високообразовна и уметничка дејност и научно-истражувачка работа во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани наставни и уметнички области и се грижи за нивниот развој. Ако уметничка академија го носи називот „факултет“ се применуваат одредбите од Законот за високото образование што се однесуваат на факултет.

Самостојна висока стручна школа е високообразовна установа која врши високообразовна или уметничка дејност како додипломски стручни студии, специјалистички стручни студии и применувачка дејност од подрачјето на една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани струки (стручни области).

Висока стручна школа како единица на универзитет е високообразовна установа која врши високообразовна или уметничка дејност како додипломски стручни студии, специјалистички стручни студии и применувачка дејност од подрачјето на една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани струки (стручни области).

Високата стручна школа може, под условите утврдени со закон, да врши и научно-истражувачка, односно уметничка работа, ако тоа е утврдено во статутот на универзитетот како единица на универзитет, односно со нејзиниот основачки акт, ако е основана како самостојна висока стручна школа.

Член 28

Единиците во состав на универзитетот се без својство на правно лице.

Единиците во состав на универзитетот можат да вршат високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, високообразовна, научно-истражувачка, применувачка и издавачка дејност во подрачјето на сите научни полиња што се во врска со основната дејност на факултетите.

Член 29

Единиците во состав на универзитетот ја остваруваат дејноста од член 27 од овој правилник во согласност со законот, статутот и со другите акти на универзитетот.

Назив на единиците во состав на Универзитетот

Член 30

Единиците во состав на Универзитет работат под следниве називи:

- Факултет за економски науки;
- Факултет за информатика;
- Факултет за арт и дизајн;
- Факултет за правни науки;
- Факултет за детективи и криминалистика;
- Факултет за дентална медицина.

Овластувања, права, обврски и одговорности на единиците во состав на универзитетот

Член 31

Единиците во состав на универзитетот имаат овластувања, права, обврски и одговорности согласно со закон, статутот и другите општи акти на универзитетот.

VI. АКАДЕМСКА ЗА ЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

Член 32

Лицата избрани во наставно-научни и наставно-стручни звања, асистентите, како и студентите на единиците на универзитетот се членови на академската заедница.

Редовните професори останууваат членови на академската заедница и по пензионирањето, како почесни членови, без право на одлучување.

Член 33

Сите единици во состав на универзитетот својата дејност ја вршат врз принципот на академска автономија, утврдени со закон и со статутот на универзитетот.

VII. ДЕЈНОСТ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Член 34

Единиците во состав на универзитетот ја организираат и ја остваруваат високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високостручна дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообрзовната, научно - истражувачката и применувачка високостручна дејност, секоја од единиците:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на универзитетот;
2. врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка односно апликативна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на универзитетот, а по овластување, и надвор од рамките на универзитетот и се грижи за нивниот развој;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи, согласно статутот на универзитетот;
4. организира конгреси, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно статутот на универзитетот;
5. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со статутот на универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
6. остварува различни форми на надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на универзитетот;
7. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
8. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите на стручната и административната служба;
9. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на универзитетот;
10. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
11. врши и други работи утврдени со закон, статутот и со другите акти на универзитетот.

Факултетот може да врши и високообразовна дејност за стручни студии, кои согласно Законот за високото образование ги врши високата стручна школа, согласно со статутот на универзитетот.

Единиците на универзитетот имаат веб страница на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи,
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно,
3. Актот за систематизација,
4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет,
5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата,
6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,
7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година,
8. Завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето,
9. Годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето,
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,
11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,
12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и
13. Етичкиот кодекс.

Самостојната висока стручна школа и научниот институт кој врши високообразовна дејност, на својата веб страна ги објавува актите, документите и известувањата од ставот (3) на овој член.

Дејност на самостојната висока стручна школа

Член 35

Самостојна висока стручна школа може да врши високообразовна дејност како стручни студии од прв циклус на образование и специјалистички стручни студии од втор циклус образование согласно со Законот за високото образование.

На самостојната висока стручна школа од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за високото образование што се однесуваат на универзитетот, односно на неговите единици.

Научен институт како вршител на високообразовна дејност

Член 36

Научен институт како самостојна установа или во состав на универзитет, може да врши високообразовна дејност за студии од втор и трет циклус само во рамките на научната област за која е основан после пет години од основањето, ако е успешно

завршена евалуацијата на научноистражувачката работа, ако е акредитиран за вршење на овој вид студии и има решение за почеток со работа.

Научен институт во состав на универзитет како негова единица може да врши високообразовна дејност во втор и трет циклус на студии и во соработка со единица која изведува студиски програми од исто или сродно научно поле.

Научен институт во состав на универзитет може да врши високообразовна дејност во трет циклус на студии доколку ги исполнува условите од став 1 од овој член и доколку е во состав на универзитет кој е рангиран меѓу првите седум рангирани универзитети во Република Северна Македонија.

Научен институт како самостојна установа може да врши високообразовна дејност во за студии од трет циклус доколку ги исполнува условите од став 1 од овој член само во соработка со единица на универзитет кој е рангиран меѓу првите седум рангирани универзитети во Република Северна Македонија.

VIII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Член 37

За вршење на својата дејност, единиците на универзитетот може да ги основаат следниве внатрешни организациони единици: институти, катедри, центри, лаборатории, библиотека, стручни служби и др.

Припадноста на вработените наставници и асистенти кон одреден институт, односно катедра, се утврдува врз основа на наставно - научната област на која се избрани.

Член 38

Катедрите се формираат за наставни предмети од иста или од сродна научна област, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачка дејност.

Катедрата ја сочинуваат наставниците и соработниците од иста или сродна научна област што функционира на факултетите.

Раководителот на катедрата за својата работа е одговорен пред деканот.

Катедрите се основаат, припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставно- образовната и научноистражувачка работа.

Во работата на катедрата може да се вклучат и студенти.

IX. ОРГАНИ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Член 39

Органи на факултетите во состав на Универзитетот се: наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

На факултетите во состав на универзитетот се формира факултетско студентско собрание, како тело на факултетот.

Органи на високата стручна школа, како единица на универзитет, се: наставнички совет, директор и управа на високата стручна школа.

На високата стручна школа, како единица на универзитет, се формира студентско собрание на високата стручна школа, како тело на високата стручна школа.

Одредбите од оваа глава за висока стручна школа, како единица на универзитет, соодветно се применуваат и за самостојната висока стручна школа.

Наставно-научен совет

Член 40

Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот.

Наставно-научниот совет на факултетот од областа на уметноста или уметничка академија може да носи назив наставно-научен и уметнички совет.

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот.

На факултетот на кој се избрани повеќе од 150 наставници, наставно-научниот совет го сочинуваат преставници избрани од организационите единици (катедри, институти, центри и слично), од страна на редовните и вонредните професори и доцентите. Изборот се врши сразмерно на наставниците избрани, односно распоредени во организационата единица на начинот и според условите определени во статутот на универзитетот и статутот на единицата. Наставно-научниот совет на овие факултети го сочинуваат 150 претставници.

Во наставно-научниот совет свои претставници избира и факултетското студентско собрание.

Бројот на претставниците на студентите и времето за кое се избираат се утврдува со статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од вкупниот број на членови на наставно-научниот совет.

Наставно-научниот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела утврдени со статутот на универзитетот и/или статутот на факултетот.

Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет

Член 41

Наставно-научниот совет на факултетот:

1. донесува статут на факултетот,
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа,
3. избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување,
4. избира продекани,
5. избира членови на сенатот на универзитетот во чиј состав е (сенатори),
6. му предлага на сенатот студиски програми,

7. донесува програма за научно-истражувачка, односно уметничка работа,
8. врши избор во наставно-научни звања доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставно-стручни звања лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања и демонстратори,
9. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на сите циклуси на студии,
10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година,
11. го усвојува предлог-финасискиот план за факултетот, во рамките на единствениот финасиски план на универзитетот,
12. му предлага на универзитетот, односно кога тоа е определено со Законот за високото образование, на основачот измена или проширување на дејноста во согласност со Законот за високото образование,
13. ги донесува општите акти на факултетот,
14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот и уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти,
15. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката, уметничката и применувачка работа и за компјутерската мрежа,
16. избира и разрешува секретар на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот,
17. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува националниот совет за високото образование,
18. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информацискатa и документационата дејност, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот,
19. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично,
20. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно статутот на универзитетот и статутот на факултетот, и
21. врши и други работи утврдени со Законот за високото образование и Статутот.

Член 42

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

При изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања и демонстратори не учествуваат студентите.

За работите од член 41, ст.1 алинеи 1,3,4,5 и 7, советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

За избор и разрешување на декан, продекан и за избор на сенатори, наставничкиот совет одлучува со тајно гласање.

За одредени прашања од чл. 41 на овој Правилник, наставно-научниот совет може да одлучи да се спроведе тајно гласање и покрај тоа што со Законот за високото образование, Статутот на универзитетот или Статутот на факултетот не е предвидено тајно гласање.

Член 43

Седницата на наставно-научниот совет ја свикува деканот на факултетот по своја иницијатива. Во отсуство на деканот, со негово овластување, седниците ги свикува и со нив раководи еден од продеканите. Деканот на факултетот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет, ако тоа го бараат 1/3 од вкупниот број членови на наставно-научниот совет.

Со седницата на наставно-научниот совет претседава и раководи деканот на факултетот. Во случај на спреченост на деканот, со седницата претседава и раководи еден од продеканите, кого ќе го овласти деканот.

Седницата на наставно-научниот совет се свикува со покана, која им се доставува на членовите најдоцна 2 (два) дена пред седницата и истата содржи: место на одржување на седницата, време, предлог на дневен ред и преглед на материјали, доколку се доставуваат, како и други известувања.

Пред преминување на работа по одделни точки на дневниот ред се поднесува кратко образложение за прашањето за кое се расправа и за кое треба да се донесе одлука или да се завземе став.

Дневниот ред на седницата на наставно-научниот совет се утврдува на почетокот на седницата.

Член 44

На секоја седница на наставно-научниот совет се води записник за текот на седницата, прифатените ставови и донесените одлуки. Записникот го води секретарот на факултетот.

Деканот, одосно претседавачот на седницата ги формулира одлуките и заклучоците пред да пристапи на гласање за нивно усвојување.

Записникот од седницатана наставно-научниот совет се усвојува како прва точка на дневниот ред на наредната седница и го потпишува деканот, односно претседавачот на седницата.

Член 45

Факултетот за економски науки, Факултетот за дентална медицина и Факултетот за арт и дизајн, од редот на наставниците, со тајно гласање, избираат двајца членови, а другите факултети по еден член на сенатот.

Мандатот на членовите на сенатот трае три години, со право на уште еден избор.

Надлежности и одлучување на Наставнички совет

Член 46

Наставничкиот совет е орган на управување и стручен орган на високата стручна школа.

Наставничкиот совет го сочинуваат професорите, вишите предавачи и предавачите на високата стручна школа.

Во наставничкиот совет свои претставници избира и студентското собрание на високата стручна школа.

Бројот на претставниците на студентите и времето за кое се избираат се утврдува со статутот на високата стручна школа.

Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од вкупниот број на членови на наставничкиот совет.

Наставничкиот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела утврдени со статутот на универзитетот и со статутот на високата стручна школа.

Член 47

Наставничкиот совет на високата стручна школа како единица на универзитет:

1. донесува статут на високата стручна школа;
2. донесува двегодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира директор и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување;
4. избира заменик директор;
5. избира членови на сенатот на универзитетот во чиј состав е (сенатори);
6. му предлага на сенатот студиски програми;
7. врши избор во наставни звања професор, виш предавач и предавач;
8. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на студии;
9. донесува одлука за распоред на работни задачи за професорите, вишите предавачи и предавачите;
10. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет;
11. му предлага на универзитетот, односно кога тоа е определено со овој закон, на основачот измена или проширување на дејноста во согласност со овој закон;
12. ги донесува општите акти на високата стручна школа како единица на универзитетот,
13. донесува мерки за работа со особено успешни и талентирани студенти;
14. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
15. избира секретар на високата стручна школа, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа;
16. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на високата стручна школа;

17. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информацискатa и документационата дејност, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа;
18. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
19. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа и
20. врши и други работи утврдени со овој закон и статутот.

Член 48

Наставничкиот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

При изборот во наставни звања не учествуваат студентите.

За работите од член 47, ст.1, алинеи 1, 3, 4, 5 и 7 советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

За избор и разрешување на директор и заменик директор и за избор на сенатори Наставничкиот совет одлучува со тајно гласање. Со статутот на универзитетот или со статутот на високата стручна школа може да се предвиди дека и за други прашања од член 47, ст.1 наставничкиот совет гласа тајно.

За одредени прашања од член 47, ст.1, наставничкиот совет може да одлучи да се спроведе тајно гласање и покрај тоа што со овој закон, статутот на универзитетот или статутот на високата стручна школа не е предвидено тајно гласање.

Одредбите од член 47, од ставовите 1 до 6, соодветно се применуваат и на наставничкиот совет на самостојната висока стручна школа.

Научен совет

Член 49

Научните институти акредитирани за вршење на високообразовна дејност, основаат научен совет за студиите од втор и трет циклус, кој го сочинуваат лицата избрани во научни звања кои учествуваат во изведувањето на наставата.

Декан

Член 50

Деканот на факултетот е раководен орган кој го претставува факултетот, во земјата и странство во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

На деканот во вршење на својата работа му помага еден или двајца продекани. Вршењето на должноста декан и продекан е неспоиво со вршење на државна функција или функција во политичка партија.

Надлежности на деканот

Член 51

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот и ректорот на универзитетот,
2. ги извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот совет,
3. се грижи за услогласено вршење на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачка дејност,
4. ги свикува седниците на наставно-научниот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив,
5. ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува деканатската управа,
6. на наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност,
7. распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања,
8. ги промовира дипломираните студенти и доделува награди,
9. управува со имотот на факултетот и се грижи за неговото одржување во рамките на овласрувањата определени со статутот на факултетот и статутот на јавниот универзитет и
10. врши и други работи согласно Законот за високото образование, статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет, и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. Доколку наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан. Истиот ден кога наставно-научниот совет нема да го прифати извештајот за работа на деканот отпочнува постапка за избор на нов декан.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кој смета дека не е во согласност со закон, статутот на универзитетот и статутот на факултетот, и за тоа го известува ректорот кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да овласти одделни продекани.

Избор и разрешување на декан

Член 52

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.

Факултетот, може да има еден или повеќе продекани, кои ги предлага деканот.

Постапката за избор и разрешување на деканот и продеканите, поблиску се утврдуваат со статутот на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот и Законот за

високото образование. За избор и разрешување на декан, Наставничкиот совет одлучува со тајно гласање.

Ако во определениот рок предвиден со статут на универзитетот единицата не избере декан, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, ректорот именува времен извршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за време определено со статутот на универзитетот.

Мандатот на времен извршител на должност декан може да трае најмногу шест месеци, при што за времен вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

Времениот вршител на должност декан не може да се кандидира за декан додека ја врши функцијата времен вршител на должноста декан.

Престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран

Член 53

Мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран доколку:

1. поднесе оставка од функцијата за којашто е избран,
2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата,
3. е разрешен од страна на наставно-научниот совет на факултетот,
4. сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот и
5. во други случаи определени со закон и со статутот на универзитетот.

Во случај на престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран од ставот (1) на овој член, ректорот именува времен вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за време определено со статутот на универзитетот.

Мандатот на времен вршител на должност декан може да трае најмногу шест месеци, при што за времен вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

Времениот вршител на должност декан не може да се кандидира за декан додека ја врши функцијата времен вршител на должноста декан.

Најдоцна во рок од триесет дена од денот на именувањето на времениот вршител на должноста декан, наставно-научниот совет на факултетот започнува постапка за избор на нов декан.

Разрешувањето на деканот и продеканите поблиску се уредуваат со акт на факултетот во согласност со статутот на универзитетот.

Продекани

Член 54

За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да ги овластува продеканите.

Бројот на продеканите се утврдува со правилникот на единицата.

Продеканите се избираат од страна на наставно-научниот совет по предлог на новоизбраниот декан, според постапката предвидена со статутот.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

Продеканите вршат работни задачи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на факултетот (високообразовна, научноистражувачка дејност, финансии и сл.)

За својата работа, продеканите одговараат пред наставно-научниот совет и пред деканот.

Одредбите за престанок на мандат на декан соодветно се применуваат за престанок на мандат на продекан.

Член 55

Вршењето на должноста декан и продекан, е неспојливо со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Деканатска управа

Член 56

Деканатската управа, е орган на управување на факултетот и може да има најмалку пет, а најмногу 15 члена.

Деканатската управа, ја сочинуваат деканот, продеканите, и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици определени со статутот на факултетот, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Член 57

Деканатската управа за свикува и со седниците претседава деканот.

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварување на дејноста и развојот на факултетот, и за односите со поширокаата општествена заедница и државните органи,
2. донесува акти за кои со статутот на универзитетот или статутот на факултетот е определено дека нивното донесување е во надлежност на деканатската управа и го следи нивното извршување,
3. ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот, деканот и
4. врши и други работи определени со статутот на факултетот.

На деканатската управа не можат да и се доверат надлежности ниту можеда одлучува за прашања со кои се ограничува и повредува автономијата како единица на универзитетот.

X. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Член 58

Одредбите од статутот и другите акти на универзитетот со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и наставно-стручни звања, студентите,

самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на факултетите, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др. соодветно се применуваат во работењето на факултетите.

XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Автентично толкување на одредбите од овој правилник дава сенатот.

Член 60

За измени и дополнувања на правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 61

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на сенатот.

Претседател на Универзитетски сенат:

Доц. д-р Соња Вујасин